**(Поговор за “Часослов”, Венеција”1566 год.)**



“По волјата  и со поттик на великиот Бог Господ наш Исус Христос се трудев за ова печатење (јас) недостојниот и најмал меѓу луѓето, наречен Јаков што се трудев од многу време и години за ова дело (за да придонесам) кон светите книги. Излегов од Македонија, татковината моја и влегов во западните земји близу до стариот Рим, во градот Венеција и таму ги најдов старите (печатни) калапи на војводата Божидар (Божидар Вуковиќ од Подгорица, н.б.) кај сина му Виценцо, од многу време неупотребувани, и почнав да ги печатам овие мали книги, часословци… тропари, кондаци, катадневни и псалми вечерни, утрени и часови сите по ред, и свети убрус и пасхалија Кири-лова, и параклис Богопесните Мојсееви, сите овие ги составив за секоја потреба. Заради тоа го молам Бога да ме насрчи на ова дело што почнав да го печатам. Мислам да создадам нови копари во кои заедно со божествените книги за слава на тричле-ниот Бог ќе се пеат бездруго во непрестајни песни во светите цркви.

И јас, Јаков, кој што по род и татковина бев од полите на големата Осоговска Планина, близу до Калесискиот град (денешен Ќустендил, н.б.) од местото викано Камена Река, од племе свеш-теничко особено, од таа земја од стари времиња…

Почнав да ги печатам овие книги во годината 7074 (т.е. 1566 година, н.б.), месец мај, 15-ти ден, а се завршија во месец август, триесетиот ден, во великолепниот град Венеција”.

Љ.Стојановиќ, Стари српски записи и натписи. I, стр. 203-204;

Документи за борбата на македонскиот народ..., док. 88, стр.139-140;